3. Субјектот на испекциски надзор од точка 1 и 2 на ова решение е должен веднаш по постапувањето или по истекот на рокот определен за извршување на испекциските мерки, а најдоцна во рок од 3 (три) дена писмено или по електронска пошта да го извести испекторатот дали се извршени испекциските мерки.

4. Жалбата против оваа решение не го одлага неговото извршување.

Влада на Република Северна Македонија
Државен Инспекторат за животна средина
ул. „Павел Шатев" бр. 2 - Палата „Емануел Чучков"- Скопје

Е-пошта: infoeko@moepp.gov.mk
Сајт: www. sei.gov.mk

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Државниот Инспекторат за животна средина преку Државен инспектор за животна средина Сенка Андреева, со службена легитимација број 04-1167/1, изврши вонреден инспекциски надзор во Друштво за рециклирање на хартија и остатоци од хартија ПЕЈПЕР МИЛ ДОО Кочани на ул.Теодосија Паунов бр.36 ,Кочани со Управител Ивелин Минчев Ковачев со ЕМБГ , со број на Налог 02-654/1 од 06.06.2022 год. издаден од Директорот на Државен инспекторат за животната средина, состави Записник ИП 1 14-138 од 06.06.2022 год. и се констатираше:

Правниот субјект ПЕЈПЕР МИЛ Кочани со Решение Ип 14 – 82 од 21.10.2021 година беше задолжен да изврши мерење на параметрите на емисиите од стационарниот оџак во воздух и тоа 3 месеци по ред секој месец и да се направат лабораториски анализи за составот на пелетите што се користат како горивно средство во технолошкиот процес.

Правниот субјект ПЕЈПЕР МИЛ Кочани користи сончогледови пелети како енергенс а на испуст на котел АА2 беа извршени три мерења (декември 2021 год. ,февруари 2022 год. мај 2022 год.) на квалитетот на амбиенталниот воздух од Акредитирана лабараторија и во сите три мерења се јавува надминување на ГВЕ за еден од наведените параметри во дозволата, а станува збор за СО - јаглероден моноксид, каде што е одобрено емисиите во Испуст на котел АА2 да биде 500 mg/m3, при што овде има отстапување во сите три мерења.

Мерењата се направени од декември 2021 до мај 2022 година а не во 3 последователни месеци како што се задолжени од објективни причини за кои што го известуваат Државниот инспекторат за животната средина со допис 0601-9/22 од 24.03.2022 година и допис број 0601-21/22 од 06.05.2022 година.

Според констатацијата во Записникот ИП 1 14-138 од 06.06.2022 год. како и според делот во Дозволата кој одредува дека "**Доколку на измерените гранични вредности на наведената емисиона точка АА2 согласно табела 6.1.2 во континуитет 3 (три) месеци има надминување на вредностите над пропишаните, тогаш се задолжува инсталацијата ПЕЈПЕР МИЛ ДОО Кочани да продолжи со работа со користење на вториот котел каде како енергенс гориво се употребува природен гас, до моментот на решавање на проблемот**